РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 13-6799/3
07-08-2014 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13 и 41/14), министерот за образование и наука донесе

## РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиската програма Правни студии, прв циклус тригодишни студии, студиската програма Правни студии, втор циклус едногодишни студии, студиската програма Правни студии, втор циклус двегодишни студии и студиската програма Правни студии, втор циклус двегодишни академски студии на Факултетот за правни науки науки при Европски Универзитет –Република Македонија Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на на студиската програма Правни студии, прв циклус тригодишни студии, студиската програма Правни студии, втор циклус едногодишни студии, студиската програма Правни студии, втор циклус двегодишни студии и студиската програма Правни студии, втор циклус двегодишни академски студии на Факултетот за правни науки науки при Европски Универзитет –Република Македонија Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

### Образложение

По добиените, од страна на Одборот за акредитација, Решение бр. 15-24/3 од 04.04.2014 година за акредитација на студиската програма за додипломски Правни студии, прв циклус тригодишни студии на Факултетот за правни науки при Европскиот Универзитет Република Македонија Скопје, Решение бр. 15-24/4 од 04.04.2014 година за акредитација на студиската програма Дипломски правни студии, втор циклус едногодишни студии на Факултетот за правни науки при Европскиот Универзитет Република Македонија Скопје, Решение бр. 15-24/5 од 04.04.2014 година за акредитација на студиската програма Правни студии, втор циклус двегодишни студии на Факултетот за правни науки при Европскиот Универзитет Република Македонија Скопје и Решение бр. 15-24/46од 04.04.2014 година за акредитација на студиската програма Правни студии, втор циклус двегодишни академски студии на Факултетот за правни науки при Европскиот Универзитет Република Македонија Скопје, се обрати со барање бр. 03-411/1 од 07.04.2014 година, до Министерството за образование и наука, под наш бр. 13-6799/1 од 09.04.2014 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток на студиските програми од прв и втор циклус

студии на Факултетот за правни науки при Европскиот Универзитет Република Македонија, Скопје.

Министерот за образование и наука, со решение 13-6799/3 од 06.05.2014 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 11.07.2014 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 13-6799/4 од 15.07.2014 година, каде е наведено дека за студиската програма Правни студии, прв циклус тригодишни студии, студиската програма Правни студии, втор циклус едногодишни студии, студиската програма Правни студии, втор циклус двегодишни студии и студиската програма Правни студии, втор циклус двегодишни академски студии на Факултетот за правни науки науки при Европски Универзитет - Република Македонија Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**МИНИСТЕР,**
**Abdilaqim Ademi**

Д-но до:
- Именуваниот/та
-Архива

изработил: Билјана Зафировска
контролирал: Борче Алексов
одобрил: д-р Агим Рушити